Локалните заедници се во фокусот на работата на МЦМС од неговото основање. Резултатите постигнати во оваа област ги зајакнаа општините, но и организациите и институциите кои работат со нив. Затоа, презентирањето на поддршката на заедниците го поврзуваме со годишнината од основањето на Заедницата на единиците на локалната власт на Република Македонија (ЗЕЛС).




Главната мотивација никогаш не беа изградените објекти и набавената опрема, сами по

себе, многу поважно беше да ја подигнеме свеста кај граѓаните за начините на кои може активно да учествува аит да влијаат на одлуките кои ги носи локалната самоуправа и така да си помогнат самите во иднина.

МЦМС ги спроведуваше главните активности во периодот од 2001 до 2015 година низ многубројни и разнолични проекти, но со иста цел- зајакнување на заедниците и помош на локалната самоуправа при процесот на децентрализација.